КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА за 2015 година

## Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

Наредната 2015 година, Комората планира да продолжи со сличен интензитет на работа како во 2014, со неколку стратегиско битни дополненија и зголемен интензитет на активности од сите одделенија во Комората.

За 2015 година, активностите на Комората можеме да ги сублимираме во 5 целини:

1. Континуиран професионален развој
2. Иницирање на измени во законската и подзаконска регулатива и изготвување на ценовници за инженерски услуги
3. Меѓународни активности со локална имплементација
4. Вселување во нови административни простории на Комората
5. Останати проектно административни активности

## 1. Континуиран професионален развој

Во 2015 година, континуираната професионална едукација за членството останува највисок приоритет на Комората.

Во изминатата година, еведентен беше различниот интензитет на активности на ова поле од различни одделенија во рамките на Комората. За 2015 година, планиран е поструктуиран пристап кон семинарите за доедукација.

Комората планира да продолжи со семинарите за имплементција на Еврокодовите, како и со останати стручни семинари од областа на градежништвото. Комората е во почетна фаза на изготвување на агенда и акциски план за севкупна имплементација на Европските прописи за градежништво (Еврокодовите) која ќе ја проследи до Владата на Република Македонија, со предлог за поголем ангажман на сите институции во државата во процесот на имплементација на Еврокодовите, и активно учество на Комората во процесот на доедукација на инженерксиот кадар.

Во рамките на континуираната професионална доедукација, одделенијата во Комората планираат да организираат тематски стручни конференции и тркалезни маси за прашања од општ инженерски интерес, како и организирање на стручни екскурзии самостојно и во соработка со други инженерски здруженија, како и семинари за презентирање на нови иновативни технологии.

## 2. Иницирање на измени во законската и подзаконска регулатива

Во ова целина, спаѓаат две поголеми активности за 2015 година.

Првата се однесува на измена на Законот за градење. Имено, по честите измени во законот во изминативе години, се јави потреба од негова севкупна ревизија. Комората, на барање на Министерството за транспорт и врски, ќе работи на целосна ревизија на законот и предлагање на ново законско решение (или сериозни измени во постојното решение). Во рамките на оваа активност ќе бидат разгледани категоризацијата на градби (која е недоволно логична во моментов), условите за добивање на овластувања, типовите на проектна документација итн.

Втората целина се однесува на изработка на ценовници за инженерски услуги. Базирано на законската обврска од новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање, и на законската обврска од Законот за градење, Комората ќе учествува во изработка на два ценовника  - еден за инженерски и втор за урбанистички дејности.

## 3. Меѓународни активности со локална имплементација

Со цел пренесување на знаењата и искуства од реномирани инженери од странство, Комората ќе продолжи со организирање семинари од странски гости предавачи на актуелни теми. Во тој контекст е интензивната меѓународна активност на Комората во 2014 преку зачленувањето во Светската федерација на инженерски организации (*WFEO*), проактивниот однос на Комората во Европската асоцијација на инженерски комори (*ECEC*), како и високиот степен на активност во регионалната група за инженерска соработка (ИИРС).

Особено битна за стратегиското позиционрање на комората е членството во е активноста на Комората во Светската Федерација на инженерски организации (WFEO), бидејки оваа етаблирана светска организација е основана под поктовителоство на Обединетите Нации, при што постојат етаблирани механизми и структури за контакт и логистичка подршка од најповиканите во светот за инженерските проблематики, вклучителоно и промоција на државата во целина, не само на инженерските интереси.

Во рамките на овие активности, Комората зема активно учество во 7 меѓународни проекти, и тоа

3.1 Проект за унапредување на интересот на овластените архитекти и овластените инженери на Република Македонија (во рамките на ИИРС)
3.2 Хрмонизација на законите со меѓународните регулативи и директиви
3.3 Унапредување на постапките за јавни набавки за инженерски дејности
3.4 Инженерски образовни квалификации и еквиваленција на инженерските овластувања во меѓународни рамки
3.5 Формирање на регионални вредности за инженерски услуги
3.6 Односот на квалитетот и пазарната вредност на пондените и извршени инженерски услуги
3.7 Модалитети за намалување и елеминирање на механизмите за корупција во јавните набавки на инженерско градежни дејности

## 4. Вселување во нови административни простории на Комората

Во текот на 2014 година, Комората купи свој административен простор во Скопје, на вториот кат во Трговскиот центар Буњаковец. Просторот е идеално поделен на две целини, во согласност со оперативните потреби на Комората. Првиот дел од 190м2 е административно канцелариски дел за вработените во Комората, Управниот одбор и комисиите; а вториот дел од 190м2 ќе биде тренинг центар во кој ќе бидат организирани семинарите за членството.

Административниот простор има потреба од реновирање, при што Комората е во процес на изготвување на проектно решение за внатрешно и ентериерно реновирање, чија изведба очекуваме да се реализира до Септември 2015 година.

## 5. Останати проектно административни активности

Одделно од тековните административни одговорности, Комората за 2014 ги планира следните иницијативи и активности:

- Во текот на 2015 година, Комората целосно ќе ја **замени својата статична веб страна, со ново прогресивно веб решение**, кое ќе има сосема различни функционални целини од постојната веб страна. Планирано е новиот веб портал да биде отворена дигитална платформа преку која Комората ќе може поефикасно да комуницира со своето членство, ќе овозможи електронска автентикација за секој член на Комората и пристап до своите лични и професионални податоци во системот на Комората со можност за нивна промена, online предавања од домашни и странски експерти, online форми за регистрација на настани и семинари, блог-форми за брза и едноставна комуникација со членството, пренесени огласи за вработување на инженери и архитекти, електронски систем за апликација за овластувања со автоматска дојава до членовите на комисиите, и останати функционалности. Во процес сме на изготвување на детална спецификација на функционалностите и избор на техологија за овој проект, и очекуваме да се започне со дизајнот во месец Јуни 2015.

- Комората планира да започне активност за имплементација на систем за **електронска архива**. Во рамките на овој проект, планираме да ги скенираме и дигитализираме сите (отприлика) 100.000 страни хартиен материјал во Комората и истовремено да имплементираме софтверско решение за електронска архива, во согласност со законски дадените можности, целосно интегриран со постојниот софтверски пакет. Не се планира да се заврши со оваа активност во 2015, но планираме да започнеме со овој битен сегмент на административното работење.

- Комората изминативе 3 години забележа особен финансиски успех со раст на годишните приходи од 74 % од 2012 до 2015. Ваквиот раст овозможи годинава да купиме сопствени деловни простории, и да ги зголемиме активности на полето на семинарите за доедукација. Сепак, длабинската анализа на структурата на приходните основи, како и проектираните планови за стабилизирање на растот на бројот на активни членови на Комората, сугерира потреба од изнаоѓање на **нов извор на приход**, заради одржлив долгорочен успех на Комората. Приходот од членарини и овластувања нема да овозможи степен на

активност кој го посакуваме од 2016 година натака. Во тој контекст е предложената измена на Статутот на Комората за **додавање на уште еден основ за финансирање на Комората** од домашни и странски фондови, во активности за потребите на членовите на Комората. Еден од оперативните проблеми на овие проектни финансирања е долгиот процес за нивно аплицирање и одобрување (некогаш и до две години), што влијае на краткорочното (годишно) планирање, но стратегиски гледано Комората мора да ја иницира оваа активност.

- Постои голема дискрепанца помеѓу вкупниот број на членови на Комората и бројот на активни членови. Во текот на 2015 година, ќе се изврши **пречистување на датабазата**, со идеја да се консолидираат овие бројки за поправилно планирање на активностите во иднина.

- Продолжување на договорот за **осигурување од професионална одговорност** за членовите на Комората.

- Продолжување и интензивирање на активностите со **анкетите со членството** за актуелни прашања.

- Продолжуваме со заедничка организација на манифестацијата „**Инженерски прстен“** со Инженерската институција на Македонија.

- Списанието **Пресинг**, со својот нов Уредувачки одбор користејќи ги искуствата стекнати во изминатите три години, внесува нова свежина во овој високо ценет стручен часопис, со план истиот да прерасне во списание со уште поквалитетна научно-информативна содржина.

Севкупно, финансискиот план за приходи и расходи за 2015 година ќе ја следи структурата на финансискиот извештај од 2014 година. Кон крајот на 2015 година, очекуваме стабилизирање на растот на бројот на активни членови во Комората, создавајки основа за пореално планирање од 2016 година натака. Не се очекува зголемен приход во 2015 година. Годинава, согласно планот за работа, очекуваме дополнителен трошок за реновирање на купениот административен простор и се очекува зголемен трошок за изработка на нова интерактивна веб страна и воведување на електронска архива, останатите расходни ставки очекуваме да бидат слични како во 2014.

Комора на овластени архитекти и
овластени инженери на Република Македонија